Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија „Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21) и точка 9 од Одлуката за видот на извештаите за работењето на платните системи и начинот и роковите за нивно доставување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**У П А Т С Т В О**
**за содржината и формата на извештаите за работењето на платните системи**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се дефинираат содржината и формата на извештаите за работењето на платните системи коишто операторите на платните системи се должни да ги доставуваат до Народната банка согласно со Одлуката за видот на извештаите за работењето на платните системи и начинот и роковите за нивно доставување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22) (во натамошниот текст: Одлуката).

## II. СОДРЖИНА И ФОРМА НА РЕДОВНИТЕ ИЗВЕШТАИ

2. Операторот на платниот систем ги доставува извештаите за работењето на платниот систем од точка 2 од Одлуката, чијашто содржина е пропишана во прилогот 1 на ова упатство.

3. Операторот на платниот систем доставува извештај за работата на операторот на платниот систем од точка 3 став 1 алинеја 1 од Одлуката, за активностите на ревизиите коишто се извршени во претходната година, којшто особено содржи:

- опис на спроведената внатрешна, надворешна и други ревизии поврзани со работата на операторот на платниот систем;
- наодите за работењето на операторот на платниот систем и
- име, презиме, телефон, електронска адреса и потпис на лицето одговорно за изготвување и доставување на извештајот.

4. Операторот на платниот систем доставува извештај за работата на операторот на платниот систем од точка 3 став 1 алинеја 2 од Одлуката, за годишниот план на активности на ревизиите за тековната година којшто содржи опис на планираните внатрешни, надворешни и други ревизии поврзани со работата на операторот на платниот систем.

5. Операторот на платниот систем доставува извештај за управување со ризиците од точка 4 став 1 алинеја 1 од Одлуката за секое спроведено тестирање на редовните и резервните решенија и процедури за претходната година, којшто ги содржи следните информации:

- предмет и опсег на тестирањето;
- целите на тестирањето;

- период којшто се опфаќа со тестирањето;
- одговорно лице и учесници во тестирањето;
- сценарио за тестирањето;
- резултати од тестирањето;
- корективните мерки коишто се усвоени врз основа на резултатите од тестирањето со временски распоред за нивно спроведување и
- спроведување на мерките дефинирани во претходните известувања за управување со ризиците.

6. Операторот на платниот систем доставува извештај за управување со ризиците од точка 4 став 1 алинеја 2 од Одлуката за секоја спроведена процена на ризиците во платниот систем за претходната година, којшто содржи:

- предмет и опсег на процената на ризиците;
- целите на процената на ризиците;
- методологија којашто се применува при процената на ризиците;
- резултати од процената на ризиците;
- мерките за управување со ризиците усвоени врз основа на процената на ризиците, со временски рамка за нивно спроведување и
- спроведување на мерките дефинирани во претходните известувања за управување со ризиците.

7. Операторот на платниот систем доставува извештај за управување со ризиците од точка 4 став 1 алинеја 3 од Одлуката, за годишниот план на активности за тестирањето на редовните и резервните решенија и процедури и процената на ризиците во платниот систем во тековната година, којшто содржи:

- план за тестирање на редовните и резервните решенија и процедури (предмет и опсег на тестирање, целите на тестирање, планиран период на тестирање и одговорно лице и учесници во тестирањето) и
- план за спроведување на процената на ризиците (предмет и опсег на процената на ризиците, целите на процената на ризиците, периодот на процената на ризиците и предвидената методологија којашто ќе се користи за процената на ризиците).

## III. СОДРЖИНА И ФОРМА НА ВОНРЕДНИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЛАНИРАНИ И/ИЛИ ИЗВРШЕНИ ИЗМЕНИ И НАСТАНАТИ ИНЦИДЕНТИ

8. Операторот на платниот систем доставува извештај за статусни и други промени поврзани со учесниците во платниот систем од точка 5 став 1 од Одлуката, којшто содржи:

- назив на учесникот во платниот систем на кој се однесува известувањето;
- опис на статусната промена или промената поврзана со учеството на учесникот (вклучување, повлекување, исклучување, промена од индиректен во директен учесник или обратно);
- датумот кога настанала статусната промена или промената поврзана со учеството на учесникот и
- процена на можните влијанија на статусната промена или промената поврзана со учеството на овој учесник, наведени во алинеја 2 од оваа точка, врз работењето на платниот систем или ризиците кај него.

9. Операторот на платниот систем доставува извештај за падови и нарушувања во работењето на платниот систем од точка 6 став 1 од одлуката, коjшто содржи:

- опис на инцидентот (вид на инцидент или друг настан, причина и индикации во кој дел од процесот настанала грешката);
- датум и време кога се случил инцидентот;
- опис на последиците од инцидентот и нивното влијание врз секој учесник (по назив на учесникот) или на платниот систем во целина;
- опис на спроведеното или планираното преминување кон нормално работење;
- опис на известувањата (примачи на известувања и методот коjшто се користи за известување на учесникот во платниот систем);
- листа со мерки за спречување појава на вакви типови инциденти или грешки во иднина и
- временски распоред за спроведување на мерките од алинејата 6 од оваа точка.

10. Покрај извештајот од точката 9 од ова упатство, операторот доставува првично известување за падови и нарушувања во работењето на платниот систем, во согласност со точка 6 став 2 од Одлуката, преку електронска пошта на електронската адреса nadzor_ps@nbrm.mk коjшто содржи:

- опис на инцидентот (вид на инцидентот или друг настан, причина и индикации во кој дел од процесот настанала грешката) и
- датум и време кога настанал инцидентот.

11. Операторот на платниот систем доставува извештај за планираните промени во работењето на платниот систем од точка 7 од одлуката, коjшто содржи:

- детален суштински опис на планираните промени во работењето на платниот систем;
- временски распоред на спроведувањето на промените и одговорните лица за секоја активност и
- процена на влијанието врз управувањето со ризиците во платниот систем.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

12. На денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за известување од операторите на платните системи („Службен весник на Република Македонија" бр.13/17 и 133/17).

13. Ова упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**У бр. 02-1711/1**
**18.01.2023 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**

**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**Прилог 1. Извештаи за работењето на платниот систем**

**Табела 1: Број и бруто-вредност на кредитните трансфери извршени во системи за големи плаќања според праговите на вредност во денари**

| Категории во денари | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Вредност | Број | Вредност | Број | Вредност |
| До 500 | | | | | | |
| Повеќе од 500 до 1.000 | | | | | | |
| Повеќе од 1.000 до 5.000 | | | | | | |
| Повеќе од 5.000 до 10.000 | | | | | | |
| Повеќе од 10.000 до 50.000 | | | | | | |
| Повеќе од 50.000 до 100.000 | | | | | | |
| Повеќе од 100.000 до 250.000 | | | | | | |
| Повеќе од 250.000 до 500.000 | | | | | | |
| Повеќе од 500.000 до 1.000.000 | | | | | | |
| Повеќе од 1.000.000 до 10.000.000 | | | | | | |
| Повеќе од 10.000.000 до 100.000.000 | | | | | | |
| Повеќе од 100.000.000 до 1.000.000.000 | | | | | | |
| Повеќе од 1.000.000.000 | | | | | | |

**Табела 1.1: Број и бруто-вредност на кредитните трансфери извршени во системите за големи плаќања според праговите на вредност во евра**

| Категории во евра | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Вредност | Број | Вредност | Број | Вредност |
| До 20 | | | | | | |
| Повеќе од 20 до 100 | | | | | | |
| Повеќе од 100 до 500 | | | | | | |
| Повеќе од 500 до 1.000 | | | | | | |
| Повеќе од 1.000 до 5.000 | | | | | | |
| Повеќе од 5.000 до 10.000 | | | | | | |
| Повеќе од 10.000 до 50.000 | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Повеќе од 50.000 до 100.000 | | | | | | |
| Повеќе од 100.000 до 500.000 | | | | | | |
| Повеќе од 500.000 до 1.000.000 | | | | | | |
| Повеќе од 1.000.000 | | | | | | |

**Табела 1.2: Број и бруто-вредност на кредитни трансфери извршени во системите за мали плаќања според праговите на вредност во денари**

| Категории во денари | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Вредност | Број | Вредност | Број | Вредност |
| До 500 | | | | | | |
| Повеќе од 500 до 1000 | | | | | | |
| Повеќе од 1.000 до 5.000 | | | | | | |
| Повеќе од 5.000 до 10.000 | | | | | | |
| Повеќе од 10.000 до 50.000 | | | | | | |
| Повеќе од 50.000 до 100.000 | | | | | | |
| Повеќе од 100.000 до 250.000 | | | | | | |
| Повеќе од 250.000 до 500.000 | | | | | | |
| Повеќе од 500.000 | | | | | | |

**Табела 2: Број и бруто-вредност на платежните трансакции засновани на картички според праговите на вредност**

| Категории во денари | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Вредност | Број | Вредност | Број | Вредност |
| До 250 | | | | | | |
| Повеќе од 250 до 500 | | | | | | |
| Повеќе од 500 до 1.000 | | | | | | |
| Повеќе од 1.000 до 5.000 | | | | | | |
| Повеќе од 5.000 до 10.000 | | | | | | |
| Повеќе од 10.000 до 20.000 | | | | | | |
| Повеќе од 20.000 до 30.000 | | | | | | |
| Повеќе од 30.000 | | | | | | |

Операторот на платниот систем доставува податоци во четири табели со кои известува поединечно за платежните трансакции извршени:

- на физичките места на продажба;
- на виртуелните места на продажба;
- заради повлекување готовина; и
- заради внесување готовина.

**Табела 3: Број и бруто-вредност на трансакциите во денари по часови**

| Од – до (во интервал од 1 час) | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | | Месец (ММ.ГГГГ) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Вредност | Број | Вредност | Број | Вредност |
| 00:01 – 01:00 | | | | | | |
| 01:01 – 02:00 | | | | | | |
| 02:01 – 03:00 | | | | | | |
| 03:01 – 04:00 | | | | | | |
| 04:01 – 05:00 | | | | | | |
| 05:01 – 06:00 | | | | | | |
| 06:01 – 07:00 | | | | | | |
| 07:01 – 08:00 | | | | | | |
| 08:01 – 09:00 | | | | | | |
| 09:01 – 10:00 | | | | | | |
| 10:01 – 11:00 | | | | | | |
| 11:01 – 12:00 | | | | | | |
| 12:01 – 13:00 | | | | | | |
| 13:01 – 14:00 | | | | | | |
| 14:01 – 15:00 | | | | | | |
| 15:01 – 16:00 | | | | | | |
| 16:01 – 17:00 | | | | | | |
| 17:01 – 18:00 | | | | | | |
| 18:01 – 19:00 | | | | | | |
| 19:01 – 20:00 | | | | | | |
| 20:01 – 21:00 | | | | | | |
| 21:01 – 22:00 | | | | | | |
| 22:01 – 23:00 | | | | | | |
| 23:01 – 00:00 | | | | | | |

**Табела 4: Падови и нарушувања во работењето на платниот систем**

| Месец (ММ.ГГГГ) | Број на падови/ нарушувања | Времетраење на падовите/ нарушувањата (во минути) | Број на редовни работни часови на платниот систем во месецот (ЧЧ:ММ) | Број на дополнителни работни часови на платниот систем во месецот (ЧЧ:ММ) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**Табела 4.1: Опис на поединечни падови и нарушувања во работење на платниот систем**

| Датум (ДД.ММ.ГГГГ) | Времетраење на падовите/нарушувањата (во минути) | Опис |
|---|---|---|
| | | |

**Табела 5: Преглед на нето финансиските обврски и побарувања според датумот на порамнување**

| Датум (ДД.ММ.ГГГГ) | Назив на учесникот | Нето-позиција (во денари) |
|---|---|---|
| | | |

**Табела 6: Состојба на средствата наменети за управување со ликвидносните ризици**

| Месец (ДД.ММ.ГГГГ) | Учесник во системот | Средства на учесникот (во денари) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

Операторот на платниот систем доставува податоци за состојбата на средствата на последниот ден на секој месец во кварталот за кој известува и ад хок извештај за состојбата на денот во кој е настаната промена на средствата.